РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ПАНКО БРАШНАРОВ
Бр. 01-908/1
04.07 2025 год.
ВЕЛЕС

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ 2025-2029 година

***ООУ „ПАНКО БРАШНАРОВ“***
***Велес***



јули, 2025 ГОДИНА

**Преамбула**

ООУ „Панко Брашнаров“ Општина Велес, во согласност сочлен 49 од Законот за основнотообразование (Службен весник на РСМ бр.161 и 229/20) изготви Развојна програма за работана основното училиште за период 2025-2029 година.

Развојна програма по форма и содржината е изготвена според Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната
програма за работа на основното училиште Бр. 08-3714/3 29.05.2024 година донесен од Министерството за образование и наука (член 2, член 4 и член 5)

.

| Развојна програма на училиштето | |
|---|---|
| Училиште | Општинско основно училиште „Панко Брашнаров“ |
| Адреса | Кресненско востание бр.2, Велес |
| Телефон,е-пошта | 043/231-189 oupankobrasnarov@gmail.com |
| Период на подготовка на Развојна програма на училиштето | јули2025 |
| Број на ученици во училиштето | 714 |
| Број на подрачни училишта | 3 |
| Училишен директор | |
| Име и презиме | Валентина Стефанова |
| Потпис | |
| Датум | 4.07.2025 |
| Одобрување од УО | |
| Име и презиме | Зага Колодезни |
| Потпис | |
| Датум | 7.07.2025 |

## Содржина

**Вовед** ..........................................................................................................................................................

1. **Податоци за основното училиште**
   - **1.1. Идентификациони податоци за училиштето** .........................................................................................
   - **1.2. Историјат на основното училиште** ..........................................................................................................
2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**
3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOTанализа)**................................................
4. **Мисија и визија на основното училиште**.......................................................................................... .
5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**.........................................................................
6. **Дефинирани стратешки и развојни цели** ..........................................................................................
7. **Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето**..................................................
8. **Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште**..................................

## Вовед

Основната цел на секое училиште е да се развие во високо ефективна образовна установа. Сепак, ефективноста не се смета за конечна состојба, туку за динамичен процес кој бара постојано унапредување и заеднички ангажман од сите учесници во воспитно-образовниот процес. Подобрувањето на квалитетот на наставата и учењето претставува заедничка одговорност и заложба на сите вклучени страни.

Нашето училиште се стреми да ги гради своите основи врз детските права, мултикултурализмот, инклузивноста, ефективноста и безбедноста, создавајќи средина во која секое дете напредува според своите индивидуални можности. Активно ја промовираме вклученоста на сите чинители во училишниот живот.

Посветени сме на развој на отворена, дигитална и интерактивна настава. И покрај предизвиците на времето, се стремиме да обезбедиме пријатна и функционална просторна средина, со уреден ентериер и екстериер, каде што учениците ќе го доживуваат училиштето како безбедно и инспиративно место за учење и развој.

Веруваме дека образованието има клучна улога во оформување на иднината. Затоа настојуваме да изградиме настава која ќе овозможи стекнување на квалитетни знаења, вештини и вредности, кои ќе ги оспособат учениците да носат одговорни и позитивни одлуки, како за себе така и за заедницата.

Нашата мисија е преку поддршка на критичко размислување, толеранција и иновативни пристапи, да создадеме современо и ефективно училиште. Ќе се развиваат наставни стратегии и методи кои ќе го подобрат ученичкиот успех, со посебен фокус на поддршка за талентирани ученици и ученици со потешкотии во развојот. Наставата ќе се прилагодува на индивидуалните потреби на учениците, користејќи модерни образовни технологии, интернет ресурси и дигитални алатки. Учениците ќе се охрабруваат да се вклучат во процесот на самооценување и активно учење.

Училишното развојно планирање претставува континуиран стратешки процес кој се базира на систематско истражување на потребите на училиштето и дефинирање на начини за нивно задоволување. Тоа е темелот за постигнување на посакуваните промени во сите аспекти на училиштето.

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1.Идентификационитеподатоцизаосновнотоучилиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ Панко Брашнаров |
| Адреса | Кресненско востание бр.2 |
| Телефон | 043/231-189 |
| Место, општина | Велес |
| Веб-страница | oоupankobrasnarovveles.edu.mk |
| Е-пошта | ооupankobrasnarov@gmail.com |
| Ден на училиштето | 4 септември |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 4257,53$m^2$ |
| Училишен двор ($m^2$) | 250$m^2$ |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | Башино село<br>Караслари<br>Чалошево |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 714 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 714 |
| Број на паралелки | 42 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | нема |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Прва и втора смена во централното училиште и една смена (прва) во подрачните паралелки |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | нема |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | нема |

## 1.2.Историјат на основното училиште

Општинското основно училиште „Панко Брашнаров“ – Велес веќе шест години претставува важен дел од образовниот систем на Општина Велес. Иако е релативно ново по име, училиштето е продолжение на две поранешни образовни институции, носејќи со себе богато искуство, традиција и постигнувања. Преку учество на бројни натпревари, проекти и јавни културни манифестации, училиштето го одржува и надградува континуитетот на квалитетна работа и ангажман во заедницата. Училиштето располага со 83 вработени, од кои 61 се наставници, и вкупно 714 ученици организирани во 42 паралелки. Наставата се одвива и во трите подрачни училишта, сместени во селата Башино Село, Караслари и Чалошево.

Во оваа образовна заедница се негува создавање генерации ученици кои се подготвени да бидат активни, одговорни и креативни граѓани. Преку разнолики наставни и проектни активности, учениците стекнуваат значајни знаења, развиваат практични вештини, критичко размислување и истражувачки дух. Програмите овозможуваат развој на самодоверба, меѓусебна почит и разбирање меѓу учениците од различни етнички заедници, со што се поттикнува културата на соживот и толеранција.
Нашата мисија е посветена на создавање можности за секој ученик да го достигне својот потенцијал, преку современо и инклузивно образование кое промовира соработка, разбирање и почит кон различностите.

Посебен акцент ставаме на соработката со локалната заедница и на отвореноста за вмрежување со училишта од други земји. Преку заеднички иницијативи градиме партнерства, разменуваме искуства создаваме можности за развој на нашите ученици и наставници.

Училиштето има богато искуство во подготовка и спроведување на различни проекти. Меѓу позначајните се вклученоста во програмата Мултиетничка интеграција во образованието (МИО) кои ја зајакнуваат инклузивноста, соработката и интеркултурниот дијалог во училиштето.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Не реализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување и унапредување на квалитетот на организирање на наставата | 1.1.Опремување на училиштето со наставно нагледни средства | ✓ | | | Опремувањето на училиштето со наставно-нагледни средства е од суштинско значење за унапредување на наставниот процес. Со нивна употреба се овозможува визуелизација на сложени содржини, се зголемува интересот и активноста на учениците, како и нивното подобро разбирање и задржување на знаењето. Ваквото опремување придонесува за поквалитетна, поинтерактивна и современа настава. |
| | 1.2.Посета на обуки за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата | | ✓ | | Посетата на обуки за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата е значајна за унапредување на квалитетот на образованието. Преку овие обуки, наставниците се запознаваат со современи дигитални |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | алатки и методи кои ја прават наставата поинтересна, поефикасна и прилагодена на потребите на учениците во дигиталното доба. Овозможува подобра интеракција, креирање на иновативни наставни материјали и развој на компетенции кои се неопходни за современото образование. |
| Подобрување на постигањата и редовноста на учениците | 2.1. Зголемување на мотивираноста на учениците за учење | | ✓ | | Зголемувањето на мотивираноста на учениците за учење е клучен фактор за постигнување подобри образовни резултати. Кога учениците се мотивирани, тие покажуваат поголема заинтересираност, активност и упорност во учењето, што води кон продлабочено разбирање и трајно усвојување на знаењата. Мотивираноста ги поттикнува да ги развиваат своите способности, да поставуваат цели и да се стремат кон успех, што придонесува за нивниот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | целосен личен и академски развој. |
| | 2.2. Подобрување на редовноста на учениците | | ✓ | | Подобрувањето на редовноста на учениците е од големо значење за континуиран и успешен процес на учење. Редовното присуство овозможува систематско следење на наставата, подобро разбирање на материјалот и активна вклученост во училишните активности. Кога учениците се редовни, се создава позитивна училишна атмосфера и се намалуваат пропустите кои можат да влијаат на нивниот успех, што придонесува за постигнување на посакуваните образовни цели. |
| Градење на взаемна доверба и почит меѓу сите субјекти во училиштето | 3.1. Почитување на разликите и негување на вредностите за заедничко живеење во мултикултурно општество | ✓ | | | Почитувањето на разликите и негувањето на вредностите за заедничко живеење во мултикултурно општество е основа за хармоничен и мирен социјален развој. Ова го поттикнува разбирањето, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | толеранцијата и прифаќањето на различностите меѓу луѓето, без разлика на нивната културна, етничка или верска припадност. Таквиот пристап создава средина во која сите се чувствуваат прифатени и почитувани, што придонесува за интеграција, соработка и градење на силна и обединета заедница. |

## 3.Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште(SWOT анализа)

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење**<br>❖ Обезбедува еднакви можности за сите ученици; поттикнува емпатија и соработка меѓу учениците<br>❖ Прилагодувањето на наставата според индивидуалните потреби овозможува поголем успех и самодоверба кај учениците со ПООП<br>❖ Добра организација и координација на стручните лица обезбедува постојана поддршка и напредок кај учениците.<br>❖ Поттикнува прифаќање и разбирање помеѓу ученици од различни етнички, културни и социјални средини.<br>❖ Ја зајакнува социјалната кохезија во училиштето и гради позитивна училишна клима.<br>❖ Го збогатуваат училиштниот живот, мотивираат ученици за личен развој и го зајакнуваат тимскиот дух.<br>❖ Ја зголемува нивната самодоверба, иницијативност и припадност кон училиштето<br>❖ Ја зголемува нивната самодоверба, иницијативност и припадност кон училиштето | **Подрачје 1: Планирање, настава и учење**<br>❖ Ја ограничува пристапноста за ученици со физичка попреченост и влијае негативно врз вклученоста и безбедноста.<br>❖ Дел од наставниците не применуваат современи алатки, што доведува до нерамномерна и неусогласена примена на иновативни методи. |
| **Подрачје 2:Постигања на учениците**<br>❖ Училиштето врши редовна евиденција и анализа по предмети, периоди и години – што овозможува континуирано подобрување на наставниот процес.<br>❖ Транспарентноста и редовната комуникација со родителите ја зголемуваат нивната вклученост и доверба во училиштето<br>❖ Ова овозможува подобра дијагностика и избор на ефикасни методи за работа со учениците | **Подрачје 2:Постигања на учениците**<br>❖ Голем број на изостаноци кај одредени ученици, отсуствата влијаат негативно на континуитетот во учењето, постигнувањата и дисциплината, а бараат дополнителен ангажман од страна на наставниот кадар и стручната служба<br>❖ Оптовареноста со часови го отежнуваат спроведувањето на активности за индивидуална поддршка и работа со талентирани ученици. |

| | |
|---|---|
| ❖ Ги мотивира учениците, гради самодоверба и го зголемува угледот на училиштето.<br>❖ Наставниците применуваат различни пристапи според потребите – за ученици со потешкотии, талентирани и со ПООП – што води до повисоко ниво на инклузија и развој.<br>❖ Со воспоставени процедури и стратегии, училиштето обезбедува поддршка што се темели на реални потреби.<br>❖ Интерсекторската соработка овозможува стручен и мултидисциплинарен пристап во решавање на ученички потреби.<br>❖ Учениците добиваат можност да го развиваат својот потенцијал преку насочени активности.<br>❖ Се промовира интеграција, разбирање и почитување на различностите, што придонесува за безбедна и инклузивна средина.<br>❖ Придонесува за подобрување на постигањата и намалување на разликите меѓу учениците.<br>❖ Поттикнува родителска одговорност и создава партнерски однос кој влијае позитивно на воспитно-образовниот процес | ❖ Слабата комуникација преку Е-дневник го намалува родителскиот увид во напредокот на учениците и ја ограничува нивната поддршка<br>❖ Немањето на формална промоција и јавно признание за учениците со високи постигнувања и нивните ментори ја намалува мотивацијата и видливоста на успехот. |
| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**<br>❖ Позитивна и мотивирачка училишна средина<br>❖ Обезбеден еднаков и правичен третман на сите ученици, без дискриминација<br>❖ Поддршка и доверба кон наставниците и стручната служба<br>❖ Грижа за ученици од социјално загрозени семејства-  Преку организирани хуманитарни акциии училиштето обезбедува облека, храна, прибор и парична поддршка | **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**<br>❖ Недоволна хигиена во одредени делови од училиштето, влијае негативно врз здравјето и безбедноста на учениците и вработените, како и врз општата перцепција за училиштето<br>❖ Недоволна информираност и вклученост на сите родители во развојот на Кодексот за однесување, го намалува чувството на заедништво и учество, што може да доведе до недоверба или одговорност и поддршка за имплементација на правилата кај учениците и родителите. |

| | |
|---|---|
| **Подрачје 4:Управување, раководење и креирање политики**<br><br>Законски конституиран и транспарентен Училишен одбор, обезбедува отчетност, легитимност и активно учество во носење одлуки.<br>Тимско раководење и активно вклучување на директорот, поттикнува заедничка визија и кохезија во целиот колектив, со фокус на подобрување на квалитетот на наставата.<br>Имплементација на образовни иновации и надворешна соработка,училиштето се модернизира преку нови пристапи и вмрежување со локални и меѓународни партнери.<br>❖ Соодветен наставен кадар и стручни соработници,обезбедува квалитетна и стручна поддршка на учениците, како и континуитет во наставниот процес.<br>❖ Планирани обуки според индивидуални потреби на наставниците го зголемуваат нивниот капацитет и мотивираност.<br>❖ Континуирано следење на наставата и повратна информација, овозможува навремено унапредување на наставниот процес и професионален раст.<br>❖ Пропишани политики со вклученост на сите чинители, се создава чувство на одговорност, припадност и транспарентност во донесување на политики.<br>❖ Транспарентно и планско управување со буџетот,обезбедува ефикасно искористување на ресурсите и доверба од страна на сите засегнати страни. | **Подрачје 4:Управување, раководење и креирање политики**<br><br>❖ Просторен дефицит (училници добиени со пренамена на други простории, го ограничува квалитетот на наставата и условите за работа, влијае на удобноста и организацијата на наставниот процес.<br>❖ Недостаток на потрошен материјал за наставни и вонаставни активности поради финансиски потешкотии, ограничува разновидност и квалитет на наставата и активностите, влијае врз мотивацијата и интересот кај учениците.<br>❖ Недостаток на механизми за оддавање признанија на кадарот за иновации, може да доведе до намалена мотивација и креативност кај наставниците и стручните соработници**.** |
| Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето | Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување |
| Училиштето може да ги искористи достапните национални и локални проекти за подобрување на инфраструктурата и дигиталната опрема, како и да го зголеми партнерството со родители и заедницата за поддршка на учениците. Исто така, организирањето обуки за наставниците ќе ја подобри нивната дигитална компетентност и квалитетот на наставата. | Недостатокот на финансиски средства и просторните ограничувања може да го нарушат квалитетот на наставата и условите за работа, додека недоволната мотивација кај дел од наставниците и слабата вклученост на родителите може да влијаат на успехот на учениците и атмосферата во училиштето. |

## 4.Мисија и визија на основното училиште

### Мисија

**Нашето училиште е посветено на создавање можности за секој ученик да го достигне својот потенцијал, преку современо и инклузивно образование кое промовира соработка, разбирање и почит кон различностите.**

### Визија

**Да создадеме современо училиште кое ќе биде симбол на квалитетно образование, меѓуетничка интеграција и здрава средина – училиште кое ќе го поттикнува целосниот развој на ученикот и ќе го оспособи за успешно чекорење кон иднината.**

Нашето училиште е посветено на обезбедување квалитетно, современо и инклузивно образование кое овозможува секој ученик да ги развие своите способности и да го достигне сопствениот потенцијал. Веруваме дека секое дете има вредности, право на поддршка, охрабрување и можности за успех, без разлика на неговите индивидуални разлики, потреби или потекло. Во нашето воспитно-образовно опкружување, создаваме безбедна и поттикнувачка атмосфера каде што се негуваат соработката, емпатијата, отворената комуникација и взаемната почит. Преку современи наставни

практики и прифаќање на различностите, ги подготвуваме учениците за живот исполнет со одговорност, толеранција и активно граѓанство. Целта ни е да изградиме генерации млади луѓе кои размислуваат критички, делуваат етички и се способни да придонесуваат позитивно во општеството.

Визијата на нашето училиште е да создадеме образовна установа која ќе биде симбол на квалитет, еднаквост и иновација. Се стремиме кон современо училиште кое постојано се развива и се прилагодува на потребите на новото време, овозможувајќи им на учениците не само да стекнуваат знаења, туку и да ги развиваат своите лични, социјални и емоционални вештини.Преку негување на меѓуетничка интеграција, почитување на различностите и поттикнување на соработка, креираме здрава и безбедна средина во која секое дете се чувствува прифатено и вреднувано. Веруваме дека само преку целосен развој на ученикот – академски, етички и социјално – може да се изгради генерација подготвена за предизвиците на иднината. Нашето училиште е место каде што се градат темелите на знаењето, но и карактерот**.**

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| Јакнење на дигиталните и педагошки компетенции на наставниот кадар преку систематски и континуирани обуки за современи наставни методи и примена на дигитални технологии во училницата. | Современото образование бара постојано приспособување на наставниот кадар кон новите педагошки пристапи и дигитални алатки што го трансформираат процесот на учење и поучување. Затоа, неопходно е наставниците континуирано да ги унапредуваат своите дигитални и методолошки вештини преку организирани и стратешки осмислени обуки. |
| Модернизирање и унапредување на училишната инфраструктура, опремата и наставните ресурси со цел создавање функционална и поттикнувачка средина за учење и работа. | Модернизацијата и унапредувањето на училишната инфраструктура и наставните ресурси се клучни фактори за обезбедување на квалитетно образование. Функционалната, безбедна и естетски уредена средина влијае позитивно врз мотивацијата, концентрацијата и добросостојбата на учениците и наставниците. Со подобрување на опремата и наставните средства се овозможува реализација на современа, интерактивна и практично ориентирана настава, која одговара на потребите на современото општество. Оваа активност придонесува за создавање поттикнувачка атмосфера за учење, зголемена ефективност во наставниот процес и подобрување на целокупното училишно искуство. |
| Зголемување на присуството и мотивацијата преку редовно мониторирање на отсуствата на учениците, подобрување на организацијата и квалитетот на дополнителната и додатната настава, како и воведување систем за признавање и наградување на учениците и наставниците за постигнатите резултати. | Редовното присуство и високата мотивација на учениците и наставниците се суштински предуслови за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес. Преку систематско следење на отсуствата на учениците се добива јасна слика за навременото вклучување на учениците, што овозможува рано препознавање и превенција на евентуални проблеми. Истовремено, квалитетно организирана дополнителна и додатна настава ја поддржува индивидуализацијата на учењето, помага во надминување на потешкотиите или во развојот на потенцијалите кај учениците. Воведувањето на механизми за признавање и наградување ја зајакнува внатрешната мотивација и создава позитивна училишна клима, каде што трудот и постигнувањата се вреднуваат. На тој начин се гради чувство на припадност, одговорност и стремеж кон повисоки резултати. |

## 6.Од приоритети кон стратешки цели

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| Јакнење на дигиталните и педагошки компетенции на наставниот кадар преку систематски и континуирани обуки за современи наставни методи и примена на дигитални технологии во училницата. | Унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар, со посебен акцент на дигиталната писменост и современи наставни практики. |
| Модернизирање и унапредување на училишната инфраструктура, опремата и наставните ресурси со цел создавање функционална и поттикнувачка средина за учење и работа. | Подобрување на условите за работа во врска со ентериерот во училиштето, наставни средства, помагала и ресурси. |
| Зголемување на присуството и мотивацијата преку редовно мониторирање на изостанувањата, подобрување на организацијата и квалитетот на дополнителната и додатната настава, како и воведување систем за признавање и наградување на учениците и наставниците за постигнатите резултати. | Подобрување на редовноста и мотивацијата на учениците и наставниот кадар преку системско следење на присуството, ефективна реализација на дополнителна и додатна настава и воспоставување на механизми за признавање на постигнувањата. |

Од стратешки цели кон развојни цели

| Стратешка цел: 1 | Развојни цели |
|---|---|
| **Унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар, со посебен акцент на дигиталната писменост и современи наставни практики** | **1.1 Подобрување на дигиталната писменост кај наставниците преку континуирана обука и поддршка** |
| | **1.2 Развивање на систем за професионален развој преку интерни обуки, менторство и надворешна едукација** |
| | **1.3 Поттикнување на примена на иновативни и дигитални методи во наставниот процес** |
| Стратешка цел: 2 | Развојни цели |
| **Подобрување на условите за работа во врска со ентериерот во училиштето, наставни средства и помагала и ресурси** | **2.1. Промена на стариот и оштетен училиштен мебел** |
| | **2.2. Набавка на основен потрошен материјал за сите наставници за наставни и воннаставни активности.** |
| | **2.3. Изработка на проект за привлекување донации или финансии од локални институции** |
| | **2.4. Подобрување на хигиенските услови во училиштето** |

| | |
|---|---|
| Стратешка цел:3 | Развојни цели |
| **Подобрување на редовноста и мотивацијата на учениците и наставниот кадар преку системско следење на присуството, ефективна реализација на дополнителна и додатна настава и воспоставување на механизми за признавање на постигнувањата.** | **3.1.Намалување на бројот на изостаноци кај учениците и поттикнување на редовноста** |
| | **3.2.Подобрување на реализацијата и ефикасноста на дополнителна и додатна настава** |
| | **3.3.Воспоставување механизми за оддавање признанија на учениците и наставниот кадар** |

## 7.Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

| **Стратешка цел 1. Унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар, со посебен акцент на дигиталната писменост и современи наставни практики** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1. Подобрување на дигиталната писменост кај наставниците преку континуирана обука и поддршка** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти /извори на информации за следење на индикаторите** |
| Спроведување почетна евалуација на дигиталната писменост на наставниците (анкета или самопроценка) | Анкета/алатка за самоевалуација | Стручна служба, директор | септември 2025 | Завршена евалуација, анализирани податоци | Стручна служба, директор | септември 2025-2029 |
| Организирање на практични обуки за иновативни методи и дигитални алатки | Одржани најмалку 3 практични обуки; активност од 75% наставници | ИТ координатор, обучувач стручна служба | 2025-2029 | Техничка опрема, интернет, обучувачи | Тим за дигитална трансформација | Извештаи, фото документација, анкети |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување часови со примена на иновативни методи | Реализирани 20 наставни часа со иновативни пристапи | Наставници, стручна служба | 2025 – 2029 | Методички материјали ИКТ алатки | Стручна служба | Планови и записи од часови, ученички анкети |
| Презентација на успешни практики на интерно ниво | Организирани најмалку 2 интерни презентации годишно | Наставници тим за иновации | 2025-2029 | Простор, опрема за презентација | Координатор за иновации | Програми, листа на присутни, снимки |
| **Развојна цел1.2.Развивање на систем за професионален развој преку интерни обуки, менторство и надворешна едукација** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти /извори на информации за следење на индикаторите** |
| Организирање на интерни обуки според потребите на наставниот кадар | Спроведени најмалку 3 обуки годишно; 70% учество од наставниците | Стручна служба, интерни обучувачи | 2025-2029 | Наставен кадар, простории презентациски материјали | Тим за професионален развој | Извештаи од обуки, евалуациски прашалници |
| Воспоставување менторски програми за нововработени и помалку искусни наставници | Секој нов наставник има назначен ментор; месечни средби | Искусни наставници педагошко-психолошка служба | 2025 -2029 | Време за состаноци, поддршка од раководство | Координатор за менторство | Дневници на активности, извештаи за напредок |
| Едукација од надворешни обучувачи | Минимум 10 наставници учествувале на надворешни обуки | Училишна управа, наставници | 2025-2029 | Финансиски средства, информации за понуди | Стручна служба, директор | Сертификати, извештаи од присуствувани обуки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **Развојна цел 1.3. Поттикнување на примена на иновативни и дигитални методи во наставниот процес** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементац ија** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти /извори на информации за следење на индикаторит е** |
| Организирање на работилници за ИКТ алатки (Google Workspace, Teams, Canva for Education итн.) | 80% од наставниците присуствувале на обуките | Стручна служба, надворешни обучувачи | Септември – Ноември 2026 | Простории, компјутери, проектор, обучувачи | Тим за професионален развој | Листа на присутни, анкети за евалуација |
| Креирање на интерна база на едукативни дигитални ресурси | Отворена база со минимум 50 ресурси | Наставници, ИТ координатор | Октомври – Декември 2026 | Мрежен простор, дигитални алатки | ИТ координатор, библиотекар | Достапна база, логови на користење (автоматски генерирани податоци) |
| Менторска поддршка – „Наставник за наставник“ | Воспоставени менторски парови редовни состаноци | Наставнички совет ментори | 2025-2029 | Време за менторски средби, простор | Тим за координација | Дневници на ментори, извештаи за напредок |
| **Стратешка цел:2 Подобрување на условите за работа во врска со ентериерот во училиштето, наставни средства и помагала и ресурси** | | | | | | |

| **Развојна цел 2.1.Промена на стариот и оштетен училиштен мебел** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата** | **Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите** |
| Попис на оштетен мебел и изработка на приоритетна листа по училници | Изготвен извештај за состојбата со мебелот | Техничка служба, класни раководители | Септември 2026 | Образец за попис | Директор, стручна служба | Пописни листи, листа со приоритети фотографии |
| Барање средства од основачот и/или донатори | Доставени барања до надлежни институции | Директор | Септември 2026 | Официјални барања, документи | Директор, сметководител | Копии од барања, писма за интерес |
| Набавка на нов мебел согласно финансиските можности | Набавен и доставен нов мебел | Директор, комисија за набавки | Декември 2026 | Финансиски средства, тендерска документација | Комисија за набавки | Фактури, записници за примопредавање |
| Поставување и распределба на новиот мебел | Функционално распределен мебел во сите простории | Техничка служба, класни раководители | Јануари 2027 | Логистичка поддршка, распоред | Директор, технички тим | Фотографии, извештај за распоред |
| **Развојна цел 2.2. Набавка на основен потрошен материјал за сите наставници за наставни и воннаставни активности.** | | | | | | |
| **Активност** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти /извори на информации за следење на индикаторите** |
| Спроведување анкета или консултации со наставниците | 100% анкетирани наставници | Стручна служба, координатори, одделенски | 2025-2029 | Анкетни прашалници | Стручна служба, координатори | Анкета, листи на потреби |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | раководители | | | | |
| Подготовка на детален финансиски план и поднесување барање | Поднесен план | Директор, секретар | 2025-2029 | Ексел табела, службена кореспонденција | Директор | Финансиска табела, записници |
| Организирана набавка и распределба со евиденција | Број на наставници кои добиле средства; 100% евиденција на примопредавање | Директор, секретар | 2025-2029 | Список за евиденција, фактури и сметки | Директор, секретар, стручна служба | Табела за евиденција |
| **Развојна цел:2.3 Изработка на проект за привлекување донации или финансии од локални институции** | | | | | | |
| **Активност** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти /извори на информации за следење на индикаторите** |
| Идентификација на приоритетни потреби | Јасно дефинирани (3–5) клучни потреби | Директор, наставници, стручна служба, Ученички парламент | 2025 -2029 | Анкети, записници | Директор, стручна служба, Совет на родители, Училиштен одбор | Записници од состаноци, анкетни прашалници |
| Креирање краток проектен документ и флаери | Подготвен проект, презентација и флаер за донации | Тим за проекти, ИКТ-тим | 2025-2029 | Соодветни компјутерски програми и апликации | Директор, ИКТ-тим | Проектна апликација, флаер |
| Комуникација со локални институции и донатори | Остварени контакти, можни донации | Директор, координатори | 2025-2029 | Службени писма, електронска пошта, | Директор, координатори, наставници | Е-пошта, известувања, фотографии од средби |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | телефони | | |
| **Развојна цел 2.4**. **Подобрување на хигиенските услови во училиштето** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата** | **Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите** |
| Анализа за хигиенските услови во училиштето | Изготвен извештај за почетна состојба | техничка служба, педагог | Август , септември 2025-2029 | Образец за проценка, записници | Стручна служба, директор | Фотодокументација, извештај |
| Подготовка и реализирање на неделен распоред за чистење | Поставен и применуван распоред | Техничка служба | Септември 2025-2029 | Распоред, табели | Директор, одговорно лице за хигиена | Присуство на табелите, контрола на извршување |
| Набавка на средства за хигиена и опрема | Навремена и доволна набавка на средства | Директор, сметководител | Секој месец | Буџет, понуди, фактури | Директор, техничка служба | Фактури, евиденција за употреба |
| Континуирана евалуација на хигиената и предлог-мерки | Изготвени извештаи и преземени мерки | Стручна служба, технички тим | Септември-јуни | Анкетни листови, извештаи | Директор, стручна служба | Евалуациски извештај, анкети |
| **Стратешка цел 3**. **Подобрување на редовноста и мотивацијата на учениците и наставниот кадар преку систематско следење на присуството, ефективна реализација на дополнителна и додатна настава и воспоставување на механизми за признавање на постигнувањата.** | | | | | | |
| **Развојна цел 3.1.Намалување на бројот на изостаноци кај учениците и поттикнување на редовноста** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата** | **Инструменти / извори на информации за следење на** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **индикаторит е** |
| Анализа на изостаноци по паралелки и ученици | Изготвен извештај за почетна состојба | Стручна служба класни раководители и одделенски наставници | Септември – јуни (секое тримесечје) | Евиденција од електронски дневник, извештај | Стручна служба, директор | Извештај од дневник, анализа на изостаноци |
| Месечно следење и извештаи за изостаноци | Редовни месечни извештаи | Класни раководители | Секој месец | Табела/ образец за следење | Директор, педагог | Месечни извештаи, записници од состаноци |
| Утврдување на причини и укажување за можните последици од нередовноста во училиштето | советување, разговори, укажување, опомени и сл. од страна на одделенските и класни раководители, стручната служба и директорот на училиштето. | Формирање на тим за работа | Септември-јуни 2025-2029 | Компјутери, социјални мрежи, веб и фб страна, интернет, сала за состаноци | директор, стручна служба | Социјални мрежи, дневници, Записници од состаноци |
| Средби со родители на ученици со многу изостаноци (советување на родители) | Намален број изостаноци по средбите | Класни раководители, педагог | Октомври – мај 2025-2029 | Простории, повик до родители | Педагошко-психолошка служба | Записници од средби, евиденција на присуство |
| Менторска поддршка и мотивација за учениците кои почесто отсуствуваат | Намален број на изостаноци кај ученици вклучени во програмата | Ментори – наставници | Октомври – мај 2025-2029 | Распоред, менторски дневник | Класни раководители, педагог | Менторски извештаи, дневник на активности |
| **Развојна цел 3.2.Подобрување на реализацијата и ефикасноста на дополнителна и додатна настава** | | | | | | |

| **Активност** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти /извори на информации за следење на индикаторите** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Анализа  на реализацијата на дополнителна и додатна настава од претходната година | Изготвен извештај со заклучоци и предлози | Наставници, стручна служба | Септември 2025-2029 | Планови, извештаи од наставниците | Стручна служба, директор | Извештаи од претходна учебна година |
| Изработка на план за дополнителна и додатна настава според потребите на учениците | Изработени и одобрени планови | Наставници, класни раководители | Септември 2025-2029 | Образец за план, резултати од оценување | Директор, стручна служба | Одобрени наставни планови |
| Следење и мотивирање на ученици преку интерактивни активности и практични задачи | Подобрен интерес и активност на учениците | Наставници | Октомври – мај | Наставни материјали, дигитални алатки | Наставнички совет | Анкети, ученички трудови, присуство |
| Презентација на постигнувањата на учениците од додатната настава | Натпревари , подобар успех | Наставници, ученици | Март – јуни | Простор, презентациски материјали | Директор, стручна служба | Промовирање на постигнатите успеси на фб страната на училиштето извештај |
| **Развојна цел 3.3. Воспоставување механизми за оддавање признанија на учениците и наставниот кадар и воспоставување на механизми за признавање на постигнувањата** | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата** | **Инструменти / извори на информации за следење на индикаторите** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на критериуми за доделување признанија | Усвоен правилник со критериуми | Стручна служба, наставнички совет | Септември | Примери, правилници од други училишта | Директор, наставнички совет | Усвоен правилник, записници |
| Формирање комисија и редовно номинирање ученици и наставници за вреднување на постигнувања | Формирана комисија со утврдени надлежности Број на номинирани лица во текот на годината | Наставници, стручна служба комисија | Септември јуни | Решение за формирање | Директор Комисија за признанија | Список на членови на комисијата |
| Организирање свечености за доделување признанија | Учество во настани | Директор, тим за настани | јуни | Сала, признанија, сертификати | Директор, организаторски тим | Фото документациј а, покани, списоци |
| Објавување на признанијата на веб и социјални мрежи | Објавени најмалку 2 промотивни содржини | ИТ координатор, педагог | септември – јуни | Интернет пристап, платформи | Директор, ИТ тим | Линкови од објави |

## 8.Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното Училиште

1. Валентина Стефанова - директор
2. Сања Стојановска – педагог
3. Сениха Брзева наставник - ментор
4. Мимоза Јованова - одделенски наставник
5. Невенка Ќичукова - одделенски наставник
6. Габриела Трифуновска Шестакова - наставник по македонски јазик
7. Слободанка Мартинова Арсовска - наставник по англиски јазик
8. Зага Колодезни - родител, претседател на УО
9. Дијана Миленковска – родител, член на УО
10. Стојне Николова – родител, претставник од локалната самоуправа
11. Вања Масевска – ученик, претставник од Ученички парламент

Директор:
Валентина Стефанова

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ПАНКО БРАШНАРОВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВЕЛЕС

Претседател на Училиштен одбор
Зага Колодезни

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
**„ПАНКО БРАШНАРОВ“ - ВЕЛЕС**
email ooupankobrashnarov@gmail.com

Тел. 043 231 189, 212-311 Ул..“Кресненско востание” 2 Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ПАНКО БРАШНАРОВ
Бр. 02-911/1
07.07 2025 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 108 точка 1 став 2 од Законот за основно образование (Сл. весник на РМ бр. 161/19), Училишниот одбор на седницата на ден 7.07. 2025 година ја донесе следнава одлука:

# ОДЛУКА

**За предлагање на развојна програма за период од 2025-2029 година на ООУ „Панко Брашнаров“ – Велес**

Член 1

Училишниот одбор ја разгледа развојната програма за период 2025-2029 година на ООУ „Панко Брашнаров“ – Велес и истата ја предлага на Советот на Општина Велес.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето

Претседател на Училишен одбор
Зага Колодезни